РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 28.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3684/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Весна Бендевска

2. Павле Арсоски

3. Даниела Беличовска

4. Даниел Стојчевски

5. Kaltrina Beqiri

6. Никола Мицевски

7. Бојан Стојаноски

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2026 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/24, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25), се уредува постапката за управување со привремено одземениот имот и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот и имотна корист како принос од кривично дело и одземените предмети во кривичната постапка и прекршочната постапка, со трајно одземените предмети во управна постапка, како и основањето, надлежноста, управувањето, раководењето и други прашања поврзани со работата на Агенцијата за управување со одземен имот.

Од досегашната примена на Законот се утврди потребата од дополнително прецизирање, доуредување и усогласување на одделни законски одредби, со цел поефикасно, поекономично и попрактично спроведување на постапките за управување со привремено одземен имот, привремено одземени предмети, конфискуван имот и имотна корист.

Имено, членот 27 од Законот потребно е да се дополни со нова одредба од причина што при доставувањето на пресудите и одлуките на судот и сите други државни органи со кои се предава привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземените предмети, неопходно е кон доставените пресуди, одлуки и други акти во прилог да биде доставена и процена од страна на проценител или овластен проценител со цел Агенцијата да може да ја впише нивната вредност во сметководствената евиденција, а кое нешто е укажано од страна државните ревизори.

Во член 29 од Законот потребно е да се изврши измена од причина што Агенцијата за управување со одземен имот нема финансиски средства да плаќа надворешни проценители кои ќе вршат процени на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземените предмети од страна на судот и сите други државни органи, а ова од причина што станува збор за преголема количина на привремено одземен имот и привремено одземени предмети, како и конфискуван имот и одземени предмети.

Со оглед на фактот дека сѐ што се предава на Агенцијата мора да биде проценето и неговата проценета вредност да се евидентира во сметководствената евиденција, а Бирото за процена има ограничен број на проценители кои не можат да постигнат да ги проценат целокупниот привремено одземен имот и привремено одземени предмети, како и конфискуван имот и одземени предмети, како и со оглед на фактот дека истите се предаваат во Агенцијата во преголеми количини, со моменталното законско решение Агенцијата е изложена на преголеми трошоци од причина што со ова законско решение извршената процена е со време траење од една година и доколку во тој временски период не се реализира успешна продажба, потребно е да се

прави репроцена, кое нешто предизвикува дополнителни и преголеми финансиски одливи на Агенцијата.

Агенцијата со новата законска одредба во иднина би била должна да обезбеди процена на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и на конфискуваниот имот и одземените предмети, само во случаите на нивно отстапување, продажба или давање под закуп, изготвена од страна на Бирото за процена, овластени проценители или проценители вработени во Агенцијата. Проценката може да ја извршат и овластени проценители од други државни органи  без надомест.

Исто така, се утврди потреба од попрецизно регулирање на постапките за продажба, отстапување, давање под закуп, уништување и управување со одделни видови одземени предмети, како што се жива стока, земјоделски производи, храна и електронски отпад. Со предложените измени се допрецизираат условите, начинот и критериумите за постапување во овие случаи.

Имено, со член 36 став 2 е регулирано дека пред отстапувањето на привремено одземените предмети привремено одземен саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци, Агенцијата обезбедува извештај од анализи за определување на макро и микро елементи и елементи во трага од Државната фитосанитарна лабораторија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Од причини што постојат и други институции кои вршат испитувања на употребливоста на храната, а кои се соодветни и релевантни, настана потребата од проширување на член 36 став 2 од овој закон.

Со член 36-б став 2 е регулирано дека пред отстапувањето на привремено одземените предмети како жива стока, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови. Од причини што постојат и други институции кои даваат мислење за здравствените, ветеринарните и безбедносните услови на одземените предмети како жива стока, а кои се соодветни и релевантни, настана потребата од проширување на член 36-б став 2 од овој закон.

Од причина што настана потреба во рамките на една одредба да биде регулирано постапувањето со привремено одземените предмети како жива стока, која вклучува и давање на чување на живата стока, продавање, отстапување или уништување, така што одредбите од член 37 ќе бидат содржани во новиот став 4 од член 36-б, настана потребата од бришење на член 37 од овој закон.

Поради потребата подетално да се регулира постапката за продажба и отстапување на одземени предмети и конфискуван имот, како и да се уреди постапката за давање под закуп на конфискуван имот, настана потребата за изменување и дополнување на членот 40, вклучувајќи ја и промената на неговиот наслов.

Членот 41 од Законот го регулира редоследот на постапувањето на продажбата на одземените предмети и конфискуваниот имот, како и нивното отстапување. Од причина што во досегашното законско решение не е детално регулиран редоследот на продажбата на одземените предмети и конфискуваниот имот, како и нивното отстапување, настана потребата од подетално и попрецизно регулирање на условите, начинот и критериумите при продажбата и отстапувањето на одземените предмети или конфискуваниот имот, како и давањето под закуп на конфискуваниот имот, а заради поекспедитивно спроведување на постапките за продажба и отстапување на одземените предмети и конфискуваниот имот и давањето под закуп на конфискуваниот имот.

Во член 48 со кој е уредено кога продажбата се прогласува за неуспешна и тоа во ставот 5 постои потреба за изменување на истиот со цел допрецизирање во однос на тоа како постапува Агенцијата по неуспешната трета продажба. Имено, со новиот предложен став 5 точно е утврдено дека одземените предмети и конфискуваниот имот кои биле дадени на продажба од страна на Агенцијата, кои и по третата продажба останале непродадени, Агенцијата може да ги отстапи, а конфискуваниот имот да го даде под закуп.

Од причини што постојат и други институции кои вршат испитувања на употребливоста на храната, а кои се соодветни и релевантни, настана потребата од проширување на член 56 став 2 од Законот.

Член 57 од Законот го регулира давањето под закуп. Од причина што одземениот имот не се дава под закуп и поради тоа што постои терминолошка неусогласеност во одредбите од Законот кога станува збор за терминот „конфискуван имот“ во членот 57 постои потреба да се измени членот 57 во секој став каде стои дека одземениот имот се дава под закуп и каде стои „конфискуван имот што се состои од недвижна ствар“.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/25) се изврши изменување на член 65 - Буџет, средства за работа на Агенцијата и поделба на средствата од продажбата на одземениот имот и тоа во ставот 2 од овој член, кој гласи:

„За потребите за тековно организирање на активностите на Агенцијата, како и за тековно одржување и управување со одземениот имот:

- Агенцијата задржува 7% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот од страна на Агенцијата, како и 100% од средствата од закупнина согласно со членот 57 од овој закон и
- кога заради причините од членот 35 став 1 алинеја 1 од овој закон предметот е отстапен согласно со членот 35 став 5 алинеја 2 од овој закон, државниот орган на кој му е отстапен предметот е должен на Агенцијата да ѝ уплати 7% од направената процена согласно со членот 35 став 7 од овој закон.“

Член 65 став 2 алинеја 2 ја регулира постапката за отстапување, односно задолжувањето за уплата на 7 % од направената процена на привремено одземените предмети, па во конкретниот случај настана потребата од доуредување на овој став со уште една алинеја со која ќе се регулира постапката за отстапување на трајно одземени предмети, односно задолжувањето за уплата на 7 % од проценетата вредност на трајно одземените предмети. Дополнувањето со нова одредба е од причина што настана потребата за регулирање на средствата за уплата при отстапување на конфискуваниот имот и одземените предмети во износ од 7 % од проценетата вредност, содржан во член 40 од овој закон.

Во член 71 кој го регулира уништувањето на одземениот имот, постои потреба за допрецизирање на ставот 2 од причина што во истиот стои: „Одземените тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или доколку се фалсификати, задолжително се уништуваат“, но не е допрецизирано во кој момент, па затоа е потребно да се дополни дека истите се уништуваат, без оглед на конечноста на одлуките, освен за предмети за кои се водат кривични постапки, чие уништување се врши по добивање на правосилна пресуда.

Од причина што со досегашното законско решение не беше регулирано постапувањето со електронскиот отпад, а поради тоа што Агенцијата управува со одземениот електронски отпад, постои потребата во Законот да биде регулирана постапката за постапувањето со електронскиот отпад.

Дополнително, се утврди потреба од номотехничко усогласување на одредени законски одредби, како и исправка на упатувања и нумерација на членови во Законот.

Од наведените причини се предлага донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Целта на овој предлог на закон е обезбедување услови за поголема ефикасност  и економичност во работењето на Агенцијата за управување со одземен имот, од една страна, а од друга страна се овозможува надминување на сите сериозни предизвици со кои се соочуваат сите засегнати субјекти во врска со предметните прашања.

Со предложените измени и дополнувања се овозможува поефикасно управување со одземениот и конфискуваниот имот, намалување на финансиските трошоци на Агенцијата за управување со одземен имот и попрецизно уредување на постапките за процена, продажба, отстапување и закуп.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/24, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25), во член 20 став 2 во алинејата 5 бројот „15“ се заменува со бројот „11“.

Член 2

Во член 27 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„При предавањето на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземените предмети во Агенцијата, судот и другите државни органи се должни да достават процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и на конфискуваниот имот и одземените предмети.“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 3

Членот 29 се менува и гласи:

„Агенцијата е должна да обезбеди процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и на конфискуваниот имот и одземените предмети само во случај на нивно отстапување, продажба или давање под закуп, изготвена од страна на Бирото за процена, овластени проценители или проценители вработени во Агенцијата. Процената може да ја извршат и овластени проценители од други државни органи, без надомест.“

Член 4

Насловот на член 35 се менува и гласи:

„Продажба или отстапување на привремено одземен имот или привремено одземени предмети – моторни возила“.

Во член 35 ставот 6 се менува и гласи:

„Одлуката за продажба, односно одлуката за отстапување од ставот 5 на овој член, Агенцијата ја донесува по добиена согласност и обезбедена процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети.“

Ставот 7 се менува и гласи:

„Агенцијата обезбедува процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети изготвена од страна на Бирото за процена, овластени проценители, проценители вработени во Агенцијата. Процената може да ја извршат и овластени проценители од други државни органи, без надомест.“.

Ставот 9 се брише.

Член 5

По членот 35 се додава нов поднаслов А1), кој гласи:

„А1) Постапување на Агенцијата со привремено одземен саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци, привремено одземени предмети како облека и обувки и привремено одземени предмети како жива стока“.

Член 6

Во член 36 во ставот 2 по зборот „водостопанство“ се додаваат зборовите: „или од други релевантни институции кои вршат анализа и испитување за употребливоста на храната“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„При предавање на привремено одземената стока на Агенцијата, институцијата која што ја одзема привремено одземената стока е должна да достави документ со кој ќе се потврди здравствената и хигиенска исправност на привремено одземената стока (од растително или животинско потекло), во спротивно стоката нема да биде примена од страна на Агенцијата.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 7

Во член 36-б ставот 2 се менува и гласи:

„Пред отстапувањето на привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство или од други релевантни институции кои даваат мислење дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови.“

Во ставот 3 бројот „72“ се заменува со бројот „71“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„За привремено одземени предмети како жива стока за кои трошоците за чување се несразмерно големи и Агенцијата нема услови да ги чува поради специфичност на одземените предмети, Агенцијата веднаш по известувањето за привремено одземање на вакви предмети:

- ги дава на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделски-трговски друштва и слично) и

- обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство или од други релевантни институции кои даваат мислење дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови на Република Северна Македонија, врз основа на кое ќе одлучи дали ќе биде спроведена постапка за продавање, за отстапување или за уништување на предметите.“.

Во ставот 3, кој станува став 4, точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и начинот на давање на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделски-трговски друштва и слично).“.

Член 8

Насловот на член 37 и членот 37 се бришат.

Член 9

Насловот на член 38 се менува и гласи:

„Уплата на средствата од продажба и отстапување на привремено одземен имот или привремено одземени предмети – моторни возила“

Во член 38 во ставот 2 по зборот „продаден“ се додаваат зборовите: „согласно со членот 35 од овој закон,“, а зборот „коешто“ се заменува со зборовите: „кои што“.

Во ставот 4 зборовите: „членовите 35, 36 и 37“ се заменуваат со зборовите: „членот 35“.

Член 10

Насловот на член 40 и членот 40 се менуваат и гласи:

„Продажба и отстапување на одземени предмети и конфискуван имот
и давање под закуп на конфискуван имот

Агенцијата ги продава и отстапува одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука и го дава под закуп конфискуваниот имот со правосилна одлука, по правосилноста на одлуката.

Агенцијата може да одлучи одземените предмети и конфискуваниот имот од ставот 1 на овој член да не ги продаде, туку да ги отстапи на државните органи, јавни установи и претпријатија основани од државата и општините, здруженија и фондации, без оглед дали ќе бидат предмет на продажба, а врз основа на поднесено барање за отстапување на одземени предмети и конфискуван имот и добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Државните органи, јавни установи и претпријатија основани од државата и општините, здруженија и фондации кои поднеле барање за отстапување на одземени моторни возила или конфискуван имот, должни се да извршат уплата на 7 % од проценетата вредност на одземените предмети – моторни возила или конфискуваниот имот на сметка на Агенцијата, во рок од седум дена по добиената согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија на одлуката донесена од Управниот одбор.“

Член 11

Членот 41 се менува и гласи:

„По однос на редоследот на постапување по добиените одлуки од страна на суд или други државни органи, органите на управување на Агенцијата одлучуваат дали одземените предмети ќе бидат ставени на продажба или ќе се отстапуваат, во зависност од состојбата во која се наоѓаат одземените предмети и трошоците кои се потребни за нивно чување.

По однос на редоследот на постапување по добиените одлуки од страна на суд или други државни органи, органите на управување на Агенцијата одлучуваат дали конфискуваниот имот ќе биде ставен на продажба, ќе се отстапува или ќе се дава под закуп, во зависност од состојбата во која се наоѓа конфискуваниот имот и трошоците кои се потребни за неговото одржување.

Агенцијата пристапува кон продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот по добивање на правосилни одлуки од страна на суд или други државни органи и изготвена процена на вредноста на одземените предмети и конфискуваниот имот врз кој не е воспоставен товар или хипотека.

Агенцијата го дава под закуп конфискуваниот имот врз кој е воспоставен товар или хипотека по добивање на правосилни одлуки од страна на суд или други државни органи и по изготвена процена на вредноста на конфискуваниот имот.“.

Член 12

Во член 44 во ставот 2 по зборот „Македонија“,“ се додаваат зборовите: „со оглас“.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Во огласот од ставот 2 на овој член, одземените предмети и конфискуваниот имот кои се предмет на продажба се одделно прикажани и за секој одземен предмет и конфискуван имот треба да има поднесено најмалку две уредни пријави посебно, за да отпочне јавното наддавање.“.

Член 13

Насловот на член 47 и членот 47 се менуваат и гласат:

„Постапка за спроведување на јавно наддавање за продажба на одземени предмети и конфискуван имот

Продажбата на одземените предмети и на недвижната ствар се врши со јавно наддавање по електронски пат.

Електронското јавно наддавање може да отпочне доколку има најмалку двајца учесници на јавното наддавање, и тоа за секој одземен предмет или конфискуван имот посебно.

Комисијата за продажба откако ќе утврди дека се исполнети условите за одржување на јавното наддавање по електронски пат, ја следи и ја спроведува постапката за јавно наддавање.

На првото јавно наддавање, одземените предмети и конфискуваниот имот не можат да се продадат под утврдената вредност согласно со членот 29 од овој закон.

Јавното наддавање трае еден час и триесет минути, во кој период учесниците на јавното наддавање лицитираат и ги даваат своите понуди. Јавното наддавање се заклучува по истекот на еден час и триесет минути.

По заклученото јавно наддавање, Комисијата констатира кој понудувач понудил најдобра цена и дека на тој понудувач му се продава одземениот предмет или конфискуваниот имот.“.

Член 14

Во член 48 ставот 5 се менува и гласи:

„Одземените предмети и конфискуваниот имот кои биле дадени на продажба од страна на Агенцијата и кои и по третата продажба останале непродадени, Агенцијата може да ги отстапи, а конфискуваниот имот да го даде под закуп.“.

Член 15

По членот 55 се додава нов поднаслов Б1), кој гласи:

„Б1) Отстапување на одземен саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци, одземени предмети како облека и обувки и одземени предмети како жива стока“.

Член 16

Во член 56 во ставот 2 по зборот „водостопанство“ се додаваат зборовите: „или од други релевантни институции кои вршат анализа и испитување за употребливоста на храната“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„При предавање на одземената стока на Агенцијата, институцијата која што ја одзема одземената стока е должна да достави документ со кој ќе се потврди здравствената и хигиенска исправност на одземената стока (од

растително или животинско потекло), во спротивно стоката нема да биде примена од страна на Агенцијата.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 17

Во член 56-б ставот 2 се менува и гласи:

„Пред отстапувањето на одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство или од други релевантни институции кои даваат мислење дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови.“

Во ставот 3 бројот „72“ се заменува со бројот „71“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„За одземените предмети како жива стока, за кои трошоците за чување се несразмерно големи и Агенцијата нема услови да ги чува поради специфичност на одземените предмети, Агенцијата веднаш по известувањето за привремено одземање на вакви предмети:

- ги дава на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделски-трговски друштва и слично) и

- обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство или од други релевантни институции кои даваат мислење дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови на Република Северна Македонија врз основа на кое ќе одлучи дали ќе биде спроведена постапка за продавање, за отстапување или за уништување на предметите“.

Во ставот 4, кој станува став 5, точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и начинот на давање на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделски-трговски друштва и слично)“.

Член 18

Во член 57 ставот 1 се менува и гласи:

„Конфискуваниот имот може да се даде под закуп“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Давањето под закуп на конфискуваниот имот се врши со јавно надавање по електронски пат.“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Во постапката за давање под закуп на конфискуваниот имот со јавно надавање соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба на одземени предмети или конфискуван имот со јавно наддавање.“.

Во ставот 5 зборовите „одземените предмети или“ се бришат.

Член 19

Во член 65 во ставот 1 по бројот „2“ се додаваат зборовите: „и членот 40“.

Во ставот 2 во алинејата 1 по зборовите „овој закон“ сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„-кога на државни органи, јавни установи и претпријатија основани од државата и општините, здруженија и фондации им се отстапуваат трајно одземени предмети, државниот орган, јавната установа и претпријатието основано од државата и општината, здружението или фондацијата на кои им е отстапен предметот се должни на Агенцијата да ѝ уплатат 7% од проценетата вредност, согласно со членот 40 од овој закон и“.

Член 20

Во член 71 во ставот 2 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „без оглед на конечноста на одлуките, освен за предмети за кои се водат кривични постапки, чие уништување се врши по добивање на правосилна пресуда.“.

Член 21

Во член 72 во ставот 1 по зборот „други“ се додава зборот „материи“.

Член 22

По член 73 се додава нов наслов и нов член 73-а, кои гласат:

„Постапување со електронски отпад

Член 73-а

Одземениот имот што се состои од електронски уреди и компоненти кои се сметаат за електронски отпад и кои не можат понатаму да се користат, се уништува во процес на безбедно и трајно отстранување, со цел спречување на негативно влијание врз животната средина и безбедноста.

Постапката за уништување на електронскиот отпад се уредува со Правилник за уништување на електронски отпад во корист на државата и предаден во Агенцијата, кој го донесува Управниот одбор.“

Член 23

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Член 24

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка е систематизиран во 24 члена.

Во членот 1 се изменува членот 20 од Законот така што во ставот 2 алинеја 5 наместо бројот „15" треба да стои бројот „11", од причина што во членот 15 е регулирана сосем друга материја, односно - Престанок и разрешување на претседателот и на членовите на Управниот одбор, а во член 11 е регулирана обврската за поднесување на Извештај за работа, односно годишен извештај за работа и ревидиран финансиски извештај.

Во членот 2, во членот 27 од Законот по став 2 се додава нов став 3 од причина што при доставувањето на пресудите и одлуките на судот и другите државни органи со кои се предава привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземените предмети, неопходно е во прилог кон доставените пресуди, одлуки и други акти да биде доставена и процена од страна на проценител или овластен проценител со цел Агенцијата да може да ја впише нивната вредност во сметководствената евиденција, а кое нешто е укажано од страна државните ревизори.

Во членот 3 се менува член 29 од Законот од причина што Агенцијата за управување со одземен имот нема финансиски средства да плаќа надворешни проценители кои ќе вршат процени на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземените предмети од страна на судот и другите државни органи, бидејќи станува збор за преголема количина на привремено одземен имот и привремено одземени предмети, како и конфискуван имот и одземени предмети. Агенцијата со новата законска одредба во иднина би била должна да обезбеди процена на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и на конфискуваниот имот и одземените предмети, само во случаите на нивно отстапување, продажба или давање под закуп, изготвена од страна на Бирото за процена, овластени проценители или проценители вработени во Агенцијата. Процената може да ја извршат и овластени проценители од други државни органи без надомест.

Во членот 4 се менува насловот на членот 35 од Законот од причина што овој член се однесува на одземени предмети-моторни возила. Во секој став од

овој член каде се споменуваат зборовите: „одземени предмети“ се однесува на моторни возила.

Во членот 5 се врши дополнување со нов поднаслов А1), кој гласи: „Постапување на Агенцијата со привремено одземен саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци, привремено одземени предмети како облека и обувки и привремено одземени предмети како жива стока“, со оглед на фактот дека по член 36 се додадени уште два члена 36-а и 36-б.

Во членот 6 се врши изменување на членот 36 став 2 од Законот со оглед дека во овој став е уредено дека пред отстапувањето на привремено одземените предмети, Агенцијата обезбедува извештај од анализи за определување на макро и микро елементи и елементи во трага од Државната фитосанитарна лабораторија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Од причини што постојат и други институции кои вршат испитувања на употребливоста на храната, а кои се соодветни и релевантни, настана потребата од проширување на член 36 став 2 од овој закон.

Во членот 7 се врши дополнување на членот 36-б став 2 од Законот со оглед дека во овој став е уредено дека пред отстапувањето на привремено одземените предмети, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови. Од причини што постојат и други институции кои даваат мислење за здравствените, ветеринарните и безбедносните услови на одземените предмети, како жива стока, а кои се соодветни и релевантни, настана потребата од проширување на член 36-б став 2 од овој закон. Во став 3 на истиот член, место член 72, треба да стои член 71, од причина што е настаната техничка грешка при нумерацијата.

Во членот 8 се брише насловот на член 37 и членот 37 од Законот, од причина што настана потребата во рамките на една одредба да биде регулирано постапувањето со привремено одземените предмети како жива стока, која вклучува и давање на чување на живата стока, продавање, отстапување или уништување. Овие одредби се содржани во новиот став 4 на член 36-б од Законот.

Во членот 9 се изменува членот 38 од Законот од причина што овој член се однесува на одземени предмети-моторни возила, поради што во насловот се додаваат зборовите-моторни возила. Од причина што одредбите од овој член се однесуваат на привремено одземени предмети-моторни возила, настана потребата во став 2 на овој член да се додадат зборовите: „согласно со членот 35 од овој закон,“, а во ставот 4 на овој член да се избрише повикувањето на членовите 36 и 37.

Во членот 10 се врши изменување на членот 40 од Законот, така што насловот на членот се менува и гласи: „Продажба и отстапување на одземени

предмети и конфискуван имот и давање под закуп на конфискуван имот“. Поради потребата подетално да се регулира постапката за продажба и отстапување на одземени предмети и конфискуван имот, како и да се уреди постапката за давање под закуп на конфискуван имот, настана потребата за изменување и дополнување на членот 40, вклучувајќи ја и промената на неговиот наслов.

Во членот 11 се врши изменување на членот 41 од Законот со кој се уредува редоследот на постапувањето на продажбата на одземените предмети и конфискуваниот имот, како и нивното отстапување. Од причина што во досегашното законско решение не е детално регулиран редоследот на продажбата на одземените предмети и конфискуваниот имот, како и нивното отстапување, настана потребата од подетално и попрецизно регулирање на условите, начинот и критериумите при продажбата и отстапувањето на одземените предмети или конфискуваниот имот, како и давањето под закуп на конфискуваниот имот, а заради поекспедитивно спроведување на постапките за продажба и отстапување на одземените предмети и конфискуваниот имот и давањето под закуп на конфискуваниот имот.

Во членот 12 се врши дополнување на членот 44 од Законот со цел појаснување на начинот на објавувањето на заклучокот за продажба на недвижните ствари и начинот на поднесување на пријави по објавен оглас. Се предвидува дека во огласот за продажба, одземените предмети и конфискуваниот имот кои се предмет на продажба се одделно прикажани и за секој одземен предмет и конфискуван имот треба да има поднесено најмалку две уредни пријави посебно, за да отпочне јавното наддавање.

Во членот 13 се менува насловот на членот 47 од Законот во насока на бришење на зборовите :„и продажба“, од причина што истите се веќе содржани во насловот на членот. Во став 1 на истиот член се додаваат зборовите: „одземени предмети“, од причина што постапката за спроведување на јавно наддавање се однесува и на одземени предмети. По став 1 на истиот член се додава нов став 2, кој гласи: „Електронското јавно наддавање може да отпочне со најмалку двајца учесници на јавното наддавање и тоа за секој одземен предмет или конфискуван имот посебно“, со цел појаснување на постапката за јавното наддавање. Во став 5, кој станува став 6, на истиот член се бришат зборовите: „претседателот на“, од причина што сите членови на комисијата учествуваат и имаат подеднаква улога во процесот на продажбата и јавното наддавање.

Во членот 14 се менува ставот 5 на член 48 од Законот со кој е уредено кога продажбата се прогласува за неуспешна, со цел допрецизирање во однос на тоа како постапува Агенцијата по неуспешната трета продажба. Имено, со ново предложениот став 5 точно е утврдено дека одземените предмети и конфискуваниот имот кои биле дадени на продажба од страна на Агенцијата, кои и по третата продажба останале непродадени, Агенцијата може да ги отстапи, а конфискуваниот имот да го даде под закуп.

Со оглед на фактот дека по членот 56 од Законот се додадени уште два члена 56-а и 56-б, во членот 15 Законот се дополнува со нов поднаслов Б1), кој гласи: „Постапување на Агенцијата со одземен саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци, одземени предмети како облека и обувки и одземени предмети како жива стока“.

Во членот 16 се врши изменување и дополнување на членот 56 од Законот со оглед дека во овој став е уредено дека пред отстапувањето на привремено одземените предмети, Агенцијата обезбедува извештај од анализи за определување на макро и микро елементи и елементи во трага од Државната фитосанитарна лабораторија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Од причини што постојат и други институции кои вршат испитувања на употребливоста на храната, а кои се соодветни и релевантни, настана потребата од проширување на член 56 став 2 од овој закон.

Во членот 17 се врши дополнување на членот 56-б став 2 од Законот со оглед дека во овој став е уредено дека пред отстапувањето на привремено одземените предмети, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови. Од причини што постојат и други институции кои даваат мислење за здравствените, ветеринарните и безбедносните услови на одземените предмети, како жива стока, а кои се соодветни и релевантни, настана потребата од проширување на член 56-б став 2 од овој закон. Во став 3 на истиот член, место член 72, треба да стои член 71, од причина што е настаната техничка грешка при нумерацијата.

Во членот 18 се врши изменување на членот 57 од Законот со кој се уредува давањето под закуп. Од причина што одземениот имот не се дава под закуп и поради тоа што постои терминолошка неусогласеност во одредбите од Законот кога станува збор за терминот: „конфискуван имот“, потребно е да се измени членот 57 во секој став каде стои дека одземениот имот се дава под закуп и каде стои: „конфискуван имот што се состои од недвижна ствар“.

Во членот 19 се дополнува членот 65 од Законот така што во став 1 од истиот член по бројот „23 се додаваат зборовите: „и член 40“.

Во став 2 по алинеја 2, се додава нова алинеја 3, која гласи:

„-кога на државни органи, јавни установи и претпријатија основани од државата и општините, здруженија и фондации се отстапуваат трајно одземени предмети, државниот орган, јавната установа и претпријатието, основано од државата и општината, здружението и фондацијата на кои им е отстапен предметот се должни на Агенцијата да ѝ уплатат 7% од проценетата вредност, согласно член 40 од овој закон“.

Дополнувањето на став 2 на овој член со нова алинеја 3 е од причина што настана потребата за регулирање на средствата за уплата при отстапување конфискуваниот имот и одземените предмети во износ од 7 % од проценетата вредност, содржан во член 40 од овој закон.

Во членот 20 се врши дополнување на членот 71 од Законот во кој е уредено уништувањето на одземениот имот, од причина што во истиот стои: „Одземените тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или доколку се фалсификати, задолжително се уништуваат“, но не е допрецизирано во кој момент, па затоа е потребно да се дополни дека истите се уништуваат, без оглед на конечноста на одлуките, освен за предмети за кои се водат кривични постапки, чие уништување се врши по добивање на правосилна пресуда“.

Во членот 21 се врши допрецизирање на одредбата од членот 72, со кој се уредува постапувањето со опасните материи, со зборот „материи“ кој недостасува во реченицата.

Во членот 22 по членот 73 од Законот се додава нов член 73-а, од причина што со досегашното законско решение не беше регулирано постапувањето со електронскиот отпад, а поради тоа што Агенцијата управува со одземениот електронски отпад, постои потреба во Законот да биде регулирана постапката за постапувањето со електронскиот отпад.

Со цел полесна примена и поголема прегледност на законските одредби, во членот 23 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, од причина што досега има четири изменувања и дополнувања на Законот, а вклучувајќи го и ова изменување и дополнување на Законот би било петто, па се наметнува потребата од изготвување на пречистен текст на Законот.

Во членот 24 се уредува влегувањето во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат услови за поголема ефикасност и економичност во работењето на Агенцијата за управување со одземен имот, од една страна, а од друга страна се овозможува надминување на сите сериозни предизвици со кои се соочуваат сите засегнати субјекти во врска со предметното прашање.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА , КОИ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Престанок на мандатот и разрешување на директорот

Член 20

На директорот на Агенцијата му престанува мандатот пред истекот:

- на негово барање,

- поради смрт или болест која го спречува во извршувањето на обврските и

- ако ги исполнува условите за пензионирање.

Директорот на Агенцијата се разрешува пред истекот на мандатот:

- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика нарушување во вршењето на работите на Агенцијата и причини штета утврдена во постапка согласно со закон,

- ако не работи и не постапува согласно со закон, Статутот и со актите на Агенцијата или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува спротивно на нив,

- кога му е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци,

- ако не достави извештај согласно со членот 15 од овој закон, односно ако и по истекот на рокот определен во истиот став не ги отстрани недостатоците и/или во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и

- ако се утврди дека постапил спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, во постапка согласно со закон.

Извршување на одлука на суд или на друг орган за привремено одземање на имот и привремено одземање предмети или конфискација на имот и имотна корист и одземање предмети

Член 27

Одлуката за привремено одземање на имот и привремено одземање на предмети, односно одлуката за конфискација на имотот и имотната корист како принос од кривично дело и одземањето предмети, ја спроведува Агенцијата, без одлагање веднаш, а најдоцна во рок од три дена по добивањето на одлуката од страна на надлежниот орган.

При приемот на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети во Агенцијата се изготвува записник, во кој се наведува состојбата во која се наоѓаат имотот и предметите, како и евентуалните видливи недостатоци.

При преземањето на дејствата од ставот 1 на овој член, Агенцијата може да побара асистенција од Министерството за внатрешни работи.

Процена на вредноста на одземениот имот

Член 29

По примањето на имотот Агенцијата врши процена на неговата пазарна вредност, без оглед дали веќе судот или другите органи извршиле проценка од страна на овластен проценител со лиценца, вработен во Агенцијата, при што може да користи услуги на овластени проценители или на Бирото за процена.

Продажба или отстапување на привремено одземен имот или привремено одземени предмети

Член 35

Привремено одземениот имот или привремено одземените предмети не може да бидат предмет на продажба или отстапување, освен во случаите кога:

- управувањето со таквиот имот или предмети е сврзано со поголеми трошоци или трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на имотот или предметите или

- привремено одземените предмети се предмети надвор од промет.

Во случајот од ставот 1 алинеја 1 на овој член во рок од 10 дена од приемот на известувањето за привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична или прекршочна постапка, Агенцијата се обраќа до сопственикот на имотот, односно на предметите заради добивање согласност за продажба или отстапување. Доколку сопственикот не даде согласност или не се произнесе во рокот од ставот 4 на овој член, Агенцијата во рок од 10 дена се обраќа за согласност до органот кој ја донел одлуката за

привремено одземање во кривична или прекршочна постапка. Во случај кога одлуката ја донел судот, судот ја дава согласноста врз основа на претходно позитивно мислење од надлежен јавен обвинител. По добиената согласност, Агенцијата ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети.

Во случајот од ставот 1 алинеја 2 на овој член, во рок од 10 дена од денот на приемот на известувањето за привремено одземените предмети, Агенцијата се обраќа за добивање согласност за отстапување до органот кој ја донел одлуката за привремено одземање на предметите во кривична или прекршочна постапка. Во случај кога одлуката ја донел судот, судот ја дава согласноста врз основа на претходно добиено позитивно мислење од надлежен јавен обвинител.

Согласноста за продажба, односно отстапување на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична и прекршочна постапка, судот, органот, односно сопственикот на имотот односно предметите, ја дава во рок од 15 дена од приемот на барањето од Агенцијата.

Агенцијата врз основа на добиената согласност од ставот 4 на овој член:

- ќе донесе одлука за продажба на привремено одземениот имот, односно привремено одземените предмети или

- согласно со одлука на Владата на Република Северна Македонија, привремено одземените предмети ќе ги отстапи на државен орган. Привремено одземените предмети кои се надвор од промет може да се отстапат само на државните органи од областа на безбедноста и одбраната, органите надлежни за гонење и правосудната полиција.

Одлуката за продажба, односно одлуката за отстапување од ставот 5 на овој член, Агенцијата ја донесува во рок од 15 дена од денот на добиената согласност.

За привремено одземениот имот, односно привремено одземените предмети заради причините од ставот 1 алинеја 1 на овој член, Агенцијата во рок од 10 дена од добиената согласност, обезбедува процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети од страна на овластен проценител со лиценца вработен во Агенцијата, овластен проценител или од Бирото за процена.

Постапката за продажба на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети се спроведува согласно со одредбите на членовите од 40 до 53 од овој закон.

Во случаите кога имотот од ставот 1 на овој член не може да се продаде ниту по третиот обид, истиот може да се отстапи во согласност со одредбите од членовите 54 и 56 од овој закон.

Постапување со привремено одземен саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци

Член 36

Агенцијата ќе донесе одлука привремено одземените предмети како саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалоци да ги отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации, регистрирани согласно со закон. За ваквата одлука Агенцијата ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Пред отстапувањето на привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува извештај од анализи за определување на макро и микро елементи и елементи во трага од Државната фитосанитарна лабораторија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. По добивање на извештајот, Агенцијата привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член ги отстапува.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на привремено одземените предмети на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации.

Постапување со привремено одземени предмети како жива стока

Член 36-б

Агенцијата ќе донесе одлука привремено одземените предмети како жива стока да ја отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации, регистрирани согласно со закон. За ваквата одлука Агенцијата ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Пред отстапувањето на привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови, во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Доколку мислењето од ставот 2 на овој член е негативно, односно доколку привремено одземените предмети не ги задоволуваат условите, Агенцијата е должна овие предмети да ги уништи, согласно со постапката уредена во членот 72 од овој закон, во рок до 30 дена од приемот на негативното мислење.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на привремено одземените предмети на државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации.

Постапување со привремено одземена жива стока, саден и семенски материјал, земјоделски и ранорадинарски производи и производи за заштита на растенијата

Член 37

За привремено одземени предмети како жива стока, саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски култури, производи за заштита на растенија и други слични предмети за кои трошоците за чување се несразмерно големи и Агенцијата нема услови да ги чува поради специфичност на одземените предмети, Агенцијата веднаш по известувањето за привремено одземање на вакви предмети:

- ги отстапува на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделски-трговски друштва и слично) и

- обезбедува мислење со задолжителен наод од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија за продавање или за уништување на предметите.

По добиеното мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Агенцијата постапува по насоките од наодот од ставот 1 алинеја 2 на овој член, а согласно со одредбите од овој закон.

Уплата на средствата од продажба и отстапување на привремено одземен имот или привремено одземени предмети

Член 38

Средствата добиени од продажбата на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети, согласно со членот 35 од овој закон, се уплатуваат на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на имотот или предметот кој е продаден, Агенцијата на сопственикот му ги исплаќа средствата добиени од продажбата, коешто се депонирани и чувани на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата од ставот 1 на овој член.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на предметот кој е отстапен согласно со членот 35 став 5 алинеја 2 од овој закон, државниот орган на кој му е отстапен предметот на сопственикот му ги исплаќа средствата во

висина утврдена со направената процена согласно со членот 35 став 7 од овој закон, намалена за 7% од направената процена на вредноста на предметот, кои на сопственикот му ги исплаќа Агенцијата, согласно со членот 65 став 2 алинеја 2 од овој закон.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на отстапен привремено одземен имот или привремено одземени предмети согласно со членовите 35, 36 и 37 од овој закон, Агенцијата на сопственикот му ги враќа отстапените предмети или доколку тоа не е можно, поради природата на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети му ги исплаќа средствата во висина утврдена со направената процена согласно со членот 35 став 7 од овој закон од Буџетот на Република Севрна Македонија.

Продажба на одземени предмети и конфискуван имот

Член 40

Агенцијата ги продава одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука по правосилноста на одлуката.

Агенцијата предметите од ставот 1 на овој член може да одлучи да не ги продаде и истите да ги отстапи со одлука донесена од страна на Управниот одбор на Агенцијата, на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

Во случаите од ставот 2 на овој член, Агенцијата се обраќа со барање за согласност од Владата на Република Северна Македонија, која е должна да даде согласност во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. Доколку Владата не даде согласност во определениот рок, Агенцијата ја спроведува постапката за отстапување на одземените предмети и конфискуван имот, согласно со членот 54 од овој закон.

По исклучок од ставот 1 на овој член, не се спроведува постапка за продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот кои Владата на Република Северна Македонија со одлука ги отстапува на државни органи без надоместок, заради потребите на безбедноста и одбраната, како и на други државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации.

Редослед на постапување

Член 41

Агенцијата пристапува кон продажба на одземените предмети и конфискуван имот според редоследот на доставување на правосилните одлуки во Агенцијата. Во овие случаи директорот на Агенцијата е должен да изготви предлог за продажба веднаш по приемот на правосилната одлука за одземање на предметите или конфискација на имотот.

Во случај на отстапување од овој редослед, Агенцијата е должна да побара согласност од Управниот одбор, образложувајќи ги причините за таквото отстапување, како и да ја извести Владата на Република Северна Македонија.

Агенцијата барањето за согласност и известувањето од ставот 2 на овој член, ги доставува веднаш по нивното донесување, односно пред преземањето на активностите за продажба.

Доколку Управниот одбор на Агенцијата не даде согласност по барањето од ставот 2 на овој член во рок од 15 дена, тогаш директорот на Агенцијата е должен да го почитува редоследот на постапување согласно со ставот 1 на овој член.

Почеток на продажба на одземени предмети и конфискуван имот

Член 44

Агенцијата врз основа на одлуките од членот 42 од овој закон донесува заклучок за продажба на недвижниот имот, со кој се определуваат начинот и условите на продажбата, како и времето и местото на продажбата.

Заклучокот за продажба на недвижните ствари Агенцијата го објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", во најмалку два дневни весника, од кои еден кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на веб-страницата на Агенцијата.

Продажбата се спроведува во рок од 15 до 30 дена од објавувањето на заклучокот за продажба во средствата за јавно информирање.

Продажбата на одземените предмети и конфискуван имот, што се состојат од движни ствари, се објавува најмалку седум дена пред одржувањето на јавното наддавање најмалку во два дневни весника, од кои еден кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на веб-страницата на Агенцијата каде што ќе се презентира и листа со детален опис на предметите што се продаваат.

Постапка за спроведување на јавно наддавање за продажба на одземени предмети и конфискуван имот и продажба

Член 47

Продажбата на недвижната ствар се врши со јавно наддавање по електронски пат.

Комисијата за продажба откако ќе утврди дека се исполнети условите за одржување на јавното наддавање по електронски пат, ја следи и ја спроведува постапката за јавно наддавање.

На првото јавно наддавање одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат под утврдената вредност согласно со членот 29 од овој закон.

Јавното наддавање се заклучува по истекот на три минути непосредно по истакнувањето на најповолната понуда.

По заклученото јавно наддавање претседателот на Комисијата констатира кој понудувач понудил најдобра цена и дека на тој понудувач му се продава одземениот имот од ставот 2 на овој член.

Прогласување на продажбата за неуспешна

Член 48

Јавното наддавање се смета за неуспешно доколку на јавното наддавање по електронски пат не се пријавил ниту еден понудувач.

Доколку настапат случаите од ставот 1 на овој член, односно доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат на првото јавно наддавање, Агенцијата ќе закаже второ јавно наддавање со почетна цена на одземениот имот намалена за една четвртина од проценетата вредност.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат и на второто јавно надавање согласно со ставот 2 на овој член, Агенцијата ќе закаже трето јавно наддавање со почетна цена на одземените предмети и конфискуваниот имот намалена за една четвртина од проценетата вредност. Од второто до третото јавно наддавање мора да поминат најмалку 15 дена, но не повеќе од 30 дена.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат ниту на третото јавно наддавање, постапката за продажба може да се повтори по претходно донесена одлука од Управниот одбор, најдоцна во рок од шест месеци од денот на неуспешното трето јавно наддавање. Повторената постапка се спроведува согласно со одредбите за продажба на одземени предмети и конфискуван имот од овој закон.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат, тогаш одземените предмети и конфискуваниот имот се отстапуваат, се даваат под закуп или се уништуваат согласно со одредбите од овој закон.

Одлука на Владата при отстапување на одземени предмети и конфискуван имот

Член 55

Агенцијата го доставува предлогот од членот 54 од овој закон во рок од 15 дена од денот на приемот на образложениот предлог со елаборат на заинтересираните институции до Владата на Република Северна Македонија.

Доколку Владата на Република Северна Македонија го одбие предлогот на Агенцијата од членот 54 од овој закон за тоа ја известува Агенцијата, која е должна да продолжи да управува со одземените предмети или конфискуван имот во согласност од одредбите од овој закон.

Отстапување на одземен саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци

Член 56

Одземените подвижни предмети како саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци Агенцијата може да ги отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженијата и фондациите, за што ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Пред отстапувањето на одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува извештај од анализи за определување на макро и микро елементи и елементи во трага од Државната фитосанитарна лабораторија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. По добивање на извештајот, Агенцијата одземените предмети од ставот 1 на овој член ги отстапува.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на одземените предмети на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации.

Отстапување на одземени предмети како жива стока

Член 56-б

Агенцијата ќе донесе одлука одземените предмети како жива стока да ја отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации, регистрирани согласно со закон. За ваквата одлука Агенцијата ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Пред отстапувањето на одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Доколку мислењето од ставот 2 на овој член е негативно, односно доколку одземените предмети не ги задоволуваат условите, Агенцијата е должна овие предмети да ги уништи, согласно со постапката уредена во членот 72 од овој закон, во рок до 30 дена од приемот на негативното мислење.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на одземените предмети на државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации.

Давање во закуп

Член 57

Одземените предмети или конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар може да се дадат и под закуп.

Давањето под закуп на одземените предмети или конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар се врши со јавно наддавање по електронски пат.

Висината на вкупната почетна цена на закупнината изнесува 0,5% од проценетата вкупна вредност за месечна закупнина на одземената недвижност.

Во постапката за давање под закуп на одземените недвижности со јавно наддавање соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба на одземени предмети или конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар со јавно наддавање.

Средствата од закупот на одземените предмети или конфискуваниот имот се уплаќаат на посебна сметка на Агенцијата согласно со членот 65 од овој закон и истите се наменети за тековно одржување на одземниот имот, како и за финансирање на тековните активности на Агенцијата.

Буџет, средства за работа на Агенцијата и поделба на средствата од продажбата на одземениот имот

Член 65

Средствата за работа на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, од процентот на продажбата на одземениот имот, како и од процентот на проценетата вредност на предметот од членот 35 став 1 алинеја 1 од овој закон, кој е отстапен на државен орган согласно со членот 35 став 5 алинеја 2 од овој закон.

За потребите за тековно организирање на активностите на Агенцијата, како и за тековно одржување и управување со одземениот имот:

- Агенцијата задржува 7% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот од страна на Агенцијата, како и 100% од средствата од закупнина согласно со членот 57 од овој закон и

- кога заради причините од членот 35 став 1 алинеја 1 од овој закон предметот е отстапен согласно со членот 35 став 5 алинеја 2 од овој закон, државниот орган на кој му е отстапен предметот е должен на Агенцијата да ѝ уплати 7% од направената процена согласно со членот 35 став 7 од овој закон.

Средствата се уплаќаат на начин што по спроведената продажба, купувачот е должен 7% од вредноста да уплати на посебна приходна шифра на депозитната сметка на Агенцијата, а останатите 93% е должен да ги уплати на друга пригодна шифра на депозитната сметка од која ќе се изврши трансфер во корист на Буџетот на Република Северна Македонија.

По 2% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот, од Буџетот на Република Северна Македонија се пренесуваат на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и на Царинската управа.

Уништување на одземен имот

Член 71

Одземениот друг имот кој не може да се продаде поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни причини, се уништува од страна на комисијата од членот 69 од овој закон.

Одземените тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или доколку се фалсификати, задолжително се уништуваат.

Постапување со опасни материи

Член 72

Управувањето со привремено одземениот имот или конфискуваниот имот што се состои од специфични стоки, односно опасни материи, хемикалии и други дефинирани со посебен закон, го вршат правните лица кои согласно со посебен закон поседуваат соодветни дозволи и соодветни лиценци за постапување со ваков вид на предмети.

Агенцијата не е надлежна да постапува и да врши какви било дејства поврзани со управување на овој имот. Агенцијата одлуката на судот или на надлежниот орган ја доставува на правните лица од ставот 1 на овој член.

Постапка со стари возила

Член 73

Привремено одземените предмети што се состојат во моторни возила кои се одземени повеќе од 10 години или се во голема мерка уништени и неупотребливи врз основа на проценка согласно со закон, како и врз основа на

утврдената вредност согласно со членот 29 од овој закон, како и хаварисани моторни возила постари од 20 години отстапени или предадени на чување на Агенцијата, се продаваат со јавно наддавање согласно со постапката уредена во членовите 40 до 52 од овој закон, без оглед на фактот дека сè уште трае кривичната или прекршочната постапка, односно не е донесена одлука за трајно одземање од страна на надлежниот суд или органот што ја води прекршочната постапка.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на отстапен привремено одземен предмет согласно со членот 35 од овој закон, на сопственикот му се исплаќаат средствата добиени од продажбата на предемтите од ставот 1 на овој член од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија.

Одземените предмети и конфискуван имот што се состојат во моторни возила постари од 20 години или се во голема мерка уништени или неупотребливи или немаат никаква документација или не може да се идентификуваат поради хаварисаност, врз основа на проценка согласно со сметководствените стандарди уредени со закон и домашни и меѓународни сметководствени стандарди, како и врз основа на утврдената вредност во членот 29 од овој закон, се продаваат со јавно наддавање согласно со постапката уредена во членовите од 40 до 52 од овој закон.